Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-248/4
26-03-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-248/1 од 14.2.2024 година, поднесена од [redacted] од Крива Паланка, со адреса на живеење на [redacted], против - Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми "Национални Шуми", за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност и припадност на маргинализирана група во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 22.3.2024 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми "Национални Шуми" кон [redacted] сторена врз основа на етничка припадност и припадност на маргинализирана група во областа на работата и работните односи.

## Образложение

На 14.2.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] против Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми "Национални Шуми" („**ЈП „Национални Шуми“**“), за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност и припадност на маргинализирана група во областа на работата и работните односи.

Согласно наводите од претставката, подносителот се пријавил на оглас за вработување преку Агенцијата за администрација за работно место- оператор на евидентни картони во ЈП „Национални шуми“, на кое се барал/а кандидат/ка од ромска етничка припадност. Подносителот тврди дека електронски ги доставил сите потребни документи, но на ранг листата со селектираните кандидати пишувало дека тој не е примен од причина што: немал доволно работно искуство, односно потребно е најмалку 1 година искуство, а тој имал 4 месеци; немал прикачено свидетелство, за кое тврди дека го прикачил и немал прикачено сертификат за познавање на компјутерска работа, односно канцелариско работење. Во врска со последното смета дека доволно знае да работи со компјутер, а неговото поседување на компјутерски вештини го напишал и на веб страната при аплицирањето.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 22.2.2024 година испрати Известување бр. 08-248/2 за произнесување по наводите од претставката до ЈП „Национални шуми“.

На ден 12.3.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на ЈП „Национални шуми“ како одговор на претставката.

Во одговорот се наведува дека станува збор за јавен оглас за вработување на административни службеници на неопределено време бр. 69/2024 објавен, преку Агенцијата за администрација, за работното место- оператор на евидентни картони.

Имено, при административната селекција од Комисијата при Агенцијата за администрација била изготвена листа на уредни и неуредни кандидати со шифри на аплицираните лица. Листата била објавена на веб страната на Агенцијата за администрација и од истата може да се види дека имало повеќе неуредни кандидати за кои поединечно е наведено кои документи ги немаат прикачено во системот при аплицирање за јавниот оглас.
Дополнително наведуваат дека од страна на Агенцијата за администрација донесено е решение за мирување на постапката по јавниот оглас 69/2024 поради распишување на избори за претседател на Република Северна Македонија и пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.

Согласно ова, истакнуваат дека постапката за вработување не е завршена и сите неуредни кандидати се елиминирани поради образложени причини, а не поради националност, па оттука сметаат дека наводите во претставката се неосновани.

Во прилог на произнесувањето беа доставени:
- Извадок од листа на уредни и неуредни кандидати и
- Решение бр. 10-150/8 од 15.2.2024 година на Агенцијата за администрација за ставање во мирување на започнатата постапка за селекција на кандидати за вработување на административни службеници по јавен оглас бр. 69/2024.

По увид во наводите од претставката, произнесувањето по истата, како и приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја констатира следната фактичка состојба:

Подносителот на претставката се пријавил на јавен оглас за вработување на административни службеници на неопределено време бр. 69/2024, за работното место- оператор на евидентни картони во ЈП „Национални шуми", Подружница ШС „Осогово"- Крива Паланка, објавен преку Агенцијата за администрација.
Видно од листата на уредни и неуредни кандидати, подносителот на претставката не ја поминал првата фаза на административна селекција од причина што немал доволно работно искуство и немал прикачено свидетелства, сертификат за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и диплома за завршено средно образование.
Исходот од постапката за селекција на кандидати бил таков што поради распишување на избори за претседател на Република Северна Македонија и пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, Агенцијата за администрација донела Решение бр. 10-150/8 со кое постапката била ставена во мирување. Оттука, ниту еден кандидат не бил избран за работното место.

Во оваа насока, **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други".*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа".*

Имено, за да постои дискриминација потребно е да постои понеповолен третман кон подносителот и воедно каузалност помеѓу тој третман и дискриминаторската основа, а во однос на третманот на

некое друго лице или група. Фактот што подносителот не бил избран за работното место, заедно со неговата етничка припадност, сами по себе не се доволни за да се извлече заклучок за нееднаков третман во споредба со останатите кандидати. Ова дотолку повеќе од причина што самата постапка за избор на кандидат е компетитивна, односно уште при објавувањето на огласот за вработување било предвидено да биде избран само еден кандидат, па оттука самиот неизбор на одреден кандидат не подразбира и понеповолен третман кон него.
Во оваа насока, подносителот пропушти да ја докаже врската помеѓу неговата етничка припадност и наводната повреда на право, односно неговиот неизбор за работното место.

Понатаму, Комисијата при Агенцијата за администрација која ја вршела административната селекција истата ја спровела во унифицирана постапка и под исти услови за сите кандидати, кои биле бодувани согласно истите критериуми. Во конкретниот случај, Орхан Шабанов не ја поминал административната селекција од причина што немал доволно работно искуство потребно за работното место и не ги прикачил потребните документи. Оттука, не може да стане збор за нееднаков третман кон него во однос на останатите кандидати, бидејќи постојат легитимни причини за неговото исклучување од понатамошните фази на селекција од постапката за избор на кандидат.
Покрај тоа, видно од листата на уредни и неуредни кандидати, на истиот јавен оглас неуредни биле уште двајца кандидати кои исто така не ја поминале административната селекција, додека уреден бил само еден кандидат.

Последно, од причина што постапката за избор била ставена во мирување и не бил избран ниту еден кандидат за работното место, не постои ниту компаратор во однос на кој би се ценела (не)поволноста на самиот третман кон подносителот на претставката.

Оттука, врз основа на утврдената фактичка состојба, а имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и не утврди дискриминација од страна на ЈП „Национални шуми“ кон Орхан Шабанов.

Скопје
26.3.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми "Национални Шуми", бул. Климент Охридски бр. 68, 1000 Скопје